# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА АД МЕПСО-СКОПЈЕ ВО ОДНОС НА ОБВРСКИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОПСТВЕНИЧКОТО РАЗДВОЈУВАЊЕ

**ЗА 2019 ГОДИНА**

– дополнета верзија -

Март 2020

© 2020 МЕПСО АД – Скопје

Освен ако не е поинаку наведено, овој Извештај и податоците дадени во него се сопственост на МЕПСО АД - Скопје. Податоците дадени во Извештајот претставуваат информации од јавен карактер и истите се од информативна природа и не може да се користат за други цели.

Извештајот е подготвен од **Александар Чеботарев**,
Службеник за усогласеност на АД МЕПСО – chebotarev@mepso.com.mk.

Наодите, ставовите и заклучоците се ексклузивно право на авторот и не задолжително ги изразуваат ставовите на МЕПСО АД – Скопје.

# 1 Основ за изработка на извештајот

Овој извештај претставува сублимат на годишното работење на Службеникот за усогласеност при АД МЕПСО во следењето на спроведувањето на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување (во понатамошниот текст – Програма за усогласеност). Од друга страна овој документ претставува израз на посветеноста на АД МЕПСО – Скопје кон реализирање на своите активности на независен, транспарентен, недискриминаторен и објективен начин.

Главен основ за изработка и објавување на овој извештај претставува законска обврска која произлегува од одредбите на Законот за енергетика, Статутот на операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот ситем, во државна сопственост, Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.206/18) - (во понатамошниот текст - Статут на АД МЕПСО), Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје и Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност (во понатамошниот текст – Правилник за работењето).

## 1.1 Закон за енергетика

Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.96/18) во членот 73 го обврзува Операторот на електропреносниот систем, независно од организационата форма, да донесе Програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да придонесат да се оневозможи дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, да се утврдат обврските на вработените во спроведувањето на Програмата и да се утврди начинот на следење на спроведувањето на истата.

Во членот 74 став 2 од Законот за енергетика, пропишано е назначување на Службеник за усогласеност, како лице одговорно за следење на спроведувањето на Програмата.

Ставот 8 алинеја 1 од истиот член го обврзува Службеникот за усогласеност да го следи спроведувањето на Програмата и да подготвува Годишен извештај за превземените мерки за нејзино спроведување, кој го доставува до Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни Услуги (во понатамошниот текст РКЕВУ).

## 1.2 Статут на АД МЕПСО

Членот 35-а од Статутот на АД МЕПСО го пропишува именувањето на Службеникот за усогласеност од страна на Надзорниот Одбор, по претходна согласност од РКЕВУ.

Согласно членот 35-г став 1 алинеја 1, Службеникот за усогласеност е должен да го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност и да изработува Годишен извештај кој го доставува до РКЕВУ.

## 1.3 Програма за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје

Врз основа на член 73 од Законот за енергетика, а во согласност со член 19 од Статутот АД МЕПСО - Скопје, Управниот одбор на АД МЕПСО - Скопје на 6-та седница, одржана на 18.01.2019 година, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.02-90/1 од 18.01.2019 година, донесе Програма за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување.

Во членот 5 став 2 алинеја 1 од Програмата за усогласеност е нотирана обврската на Службеникот за усогласеност за следење на спроведувањето на Програмата и изработка на годишен Извештај за нејзино спроведување, кој го доставува до РКЕВУ.

### 1.4 Правилник за работењето на Службеникот за усогласеност

Врз основа на член 74 од Законот за енергетика и член 35-д од Статутот на АД МЕПСО, а постапувајќи по Решението за одобрување на условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на Службеникот за усогласеност на РКЕВУ бр.02-1709/1 од 31.08.2018 година, Управниот одбор на АД МЕПСО - Скопје на 7-та седница, одржана на ден 08.02.2019 година, по претходно одобрување од РКЕВУ со Решение бр. 02-94/1 од 18.01.2019 година и одобрение од Надзорниот одбор на АД МЕПСО – Скопје со Одлука бр. 02-401/4 од 21.01.2019 година, донесе Правилник за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност.

Правилникот за работењето одблиску ги пропишува постапката за именување и разрешување, мандатот, делокругот на работа, работни обврски и овластувања, правата и обврските во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, слободен пристап на информации на Службеникот за усогласеност на АД МЕПСО.

Членот 8 став 1 од Правилникот ја пропишува обврската на Службеникот за усогласеност за доставување на годишни извештаи. Во ставот 3 од истиот член е дадена и листа на потребни информации кои треба да ги содржи Извештајот. Истотака, во член 6 од Правилникот е даден и делокругот на работењето на Службеникот за усогласеност.

### 1.5 Именување на Службеник за усогласеност на АД МЕПСО

Со Одлука на Надзорниот Одбор на АД МЕПСО бр.02-9300/4 од 13 Декември 2018 година, а врз основа на спроведениот конкурс за именување на Службеник за усогласеност бр.02-8935 од 28 Ноември 2018 година, се именува Александар Чеботарев за Службеник за усогласеност на АД МЕПСО. Одлуката произведува правно дејство по одобрување на именувањето од страна на РКЕВУ.

Со одлука бр.03-2386/2 од 17.12.2018 година, РКЕВУ донесува Решение за одобрување на назначувањето на Службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје. Претходно, со Решение бр.02-1709/1 од 31 Август 2018, РКЕВУ ги одобри условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на Службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбеди независност, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

### 1.6 Начин на следење на спроведувањето на Програмата и изработка на извештајот

Службеникот за усогласеност ја следи реализацијата на Програмата и го подготвува годишниот извештај од аспект на: независност, транспарентност, објективност и непристрасност во работењето на АД МЕПСО – Скопје; оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ; доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем; координација и соработка на АД МЕПСО - Скопје со други оператори на електроенергетски системи, размена на податоци со операторите на други електропреносни системи и учество во работата на регионални и меѓународни организации; едукација и информирање на Управниот одбор на АД МЕПСО - Скопје и Надзорниот одбор на АД МЕПСО

- Скопје и вработените на АД МЕПСО - Скопје во врска со постапување во согласност со начелата за независност, танспарентност и непристраност.

АД МЕПСО - Скопје е должен на Службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простории во кои ја врши својата дејност.

## 2 Основни податоци за Операторот на електропреносниот систем АД МЕПСО

АД МЕПСО - Скопје е друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија и кое има обврска за обезбедување на јавна услуга и не врши и е независно од вршењето на други енергетски дејности во согласност со Законот за енергетика. Основни цели и работни задачи на АД МЕПСО - Скопје се да обезбеди непречен пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, односно сигурност во снабдувањето со електрична енергија. Со донесување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија од 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/04) во Република Македонија се создадоа услови за преструктурирање на дотогаш вертикално интегрираното претпријатие за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија АД "Електростопанство на Македонија" во три новоосновани претпријатија: АД МЕПСО - Скопје (претпријатие за пренос и организирање на пазарот на електрична енергија), АД ЕЛЕМ - Скопје (претпријатие за производство на електрична енергија) и АД ЕСМ (претпријатие за дистрибуција и снабдување со електрична енергија). Со функционалното разделување на овие дејности се направи првиот чекор кон процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија.

АД МЕПСО - Скопје е основано со Одлука на Владата на Република Македонија од 2004 година, и е регистрирано во Трговскиот регистар на надлежниот суд во Скопје на 31.12.2004 година.

АД МЕПСО - Скопје е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти - далекуводи, постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем.

### 2.1 Услови за вршење на дејноста на Оператор на електропреносниот систем

АД МЕПСО - Скопје од 14.11.2005 година е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија со евидентен број ЕЕ - 01.02.1/05/2/17, која е со рок на важност до 14.11.2040 година.

АД МЕПСО - Скопје е членка на Европската мрежа на оператори за пренос на електрична енергија (во понатамошниот текст: ЕНТСО-Е) од нејзиното основање во 2009 година. Во ЕНТСО-Е членуваат 43 преносни систем оператори од 36 земји во Европа. ЕНТСО-Е е основано согласно Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на енергија на Европската унија. Главна цел на ЕНТСО-Е е да одговори на предизвиците на промените на електроенергетскиот систем истовремено обезбедувајќи сигурност во снабдувањето.

## 2.2 Сопственичко раздвојување на Операторот на електропреносниот систем

За да се исполнат одредбите од Законот за енергетика кои се однесуваат на сопственичко раздвојување на вршителите на енергетски дејности, се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите од Владата на Република Македонија согласно член 237 од Законот за енергетика. Владата на Република Македонија на 24.07.2018 година донесе Одлука за пренос на акции од сопственост на Владата на Република Македонија во сопственост на Министерството за транспорт и врски бр.44-6841/1 од 24.07.2018 година, согласно која се изврши сопственичко раздвојување на АД МЕПСО - Скопје како оператор на електропреносниот систем на Република Македонија.

Акциите на АД МЕПСО - Скопје се во сопственост на Министерство за транспорт и врски и истите се запишани во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Македонија на ден 01.08.2018 година. Министерството за транспорт и врски како единствен акционер во Собранието на акционери на АД МЕПСО - Скопје не смее да бара ниту да прифаќа упатства или насоки од Владата на Република Македонија или друг државен орган. Со Собранието на акционери претседава министерот за транспорт и врски или лице кое тој ќе го овласти / ополномошти.

## 2.3 Организациона структура на АД МЕПСО

Управувањето со АД МЕПСО - Скопје е организирано во двостепен систем со Надзорен одбор и Управен одбор. Надзорниот одбор врз основа на Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото, врши контрола и надзор над работата на Управниот одбор, кој врз основа на Статутот има најшироки овластувања за одлучување и управување со АД МЕПСО - Скопје. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на акционери на АД МЕПСО-Скопје, додека членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор. Управниот одбор е составен од претседател на Управниот одбор кој воедно е и генерален директор, заменик на генералниот директор, како и директори на секторите и подружниците во состав на АД МЕПСО - Скопје:



Согласно Законот за енергетика АД МЕПСО - Скопје како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценци и да биде вклучено во вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија, како и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Имајќи го ова во предвид АД МЕПСО - Скопје основа и е сопственик на друштво Македонски оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, запишано во Централниот регистар на Република Македонија на 8 октомври 2018 година.

Согласно Член 19 од Изјавата за основање на **МЕМО** ДООЕЛ Скопје, кој гласи:

*"Меѓусебните односи во врска со вршење меѓусебни работи помеѓу Друштвото и Основачот ќе се уредат со посебни договори"*, АД МЕПСО Скопје и МЕМО ДООЕЛ Скопје на 10.10.2019 година потпишаа Договор за меѓусебна деловна соработка каде што се уредуваат меѓусебните права и обврски.

Согласно Договорот за деловно техничка соработка, АД МЕПСО се обврзува во рокот на важење на договорот од 12 месеци, за потребите на МЕМО да ја дава потребната помош, логистика и поддршка во сметководственото работење, комерцијалното работење, правните, кадровските и општите работи, телекомуникациите и информатичките технологии, безбедноста на вработените во објектот, обезбедување на објектот и друго. Помошта, логистиката и поддршката во времетраењето на овој Договор АД МЕПСО ќе ја дава на МЕМО без надомест. По истекување на важноста на овој Договор, МЕМО се обврзува истите дејности да ги спроведува со сопствени капацитети, или истите да ги набавува во редовна постапка на комерцијална основа, како би се гарантирала независноста.

### 2.4 Сертификација на Операторот на електропреносниот систем

Согласно член 75 став 1 од Законот за енергетика вршителот на дејноста пренос на електрична енергија мора да биде сертифициран како оператор на електропреносниот систем на начин, во постапка и во рок утврдени со овој закон.

Врз основа на барањето за сертификација на операторот на системот за пренос на електрична енергија, доставено од АД МЕПСО до РКЕВУ бр.12-2259/1 од 27.11.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука за сертификација и назначување на оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија бр.02-2851/1 од 15.08.2019 година.

Претходно, на 17.06.2019 година, РКЕВУ го доби мислењето бр. 3/19 за сертификацијата на МЕПСО издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 3/19 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No.714/72/EC – North Macedonia – Certification of MEPSO) со кое Секретаријатот даде целосна поддршка на процесот на сертификација на АД МЕПСО, со укажувања за допрецизирање на одвоеноста и независноста на Министерството за транспорт и врски како соственик на АД МЕПСО Скопје од останатите органи на извршната власт.

# 3 Примена на Програмата за усогласеност

Основна цел на Програмата за усогласеност е да воспостави формална рамка која ќе обезбеди да сите активности кои ги спроведува Операторот за пренос на електрична енергија а истотака и однесувањето на сите вработени или лица ангажирани од страна на операторот, бидат во склад со начелата на транспарентност, недискриминација, независност и објективност.

Со програмата се дефинираат мерки кои треба да се превземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на Програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на Операторот на електропреносниот систем со обврските утврдени со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност.

## 3.1 Независност на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје

Независноста во работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД МЕПСО произлегуваат пред се' од структурната поставеност и сопственичкото раздвојување во однос на претходниот вертикално интегриран електроенергетски ситем.

Правата и обврските на акционерското собрание ги остварува Министерството за транспорт и врски како единствен акционер на МЕПСО, согласно законот за трговски друштва и Статутот на компанијата. Министерот за транспорт и врски лично го претставува Министерството во собранието на акционери и ги потпишува решенијата донесени од него.

Во член 72 став 2 од Законот за енергетика е утврдено дека со цел да се обезбеди независност на операторот на електропреносниот ситем, исто лице или лица немаат право во исто време:

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со електрична енергија, и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем,

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија, и

- да именуваат членови на орган на надзор, орган на управување на операторот на електропреносниот систем, и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со електрична енергија.

Горенаведените ограничувања особено се однесуваат на користење на право на глас, избор и именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО - Скопје или поседување на мнозински удел.

Согласно член 72 став 3 од Законот за енергетика, членовите на Управен и Надзорен одбор на АД МЕПСО-Скопје:

- во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика, и

- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Заради спроведување на одредбите од Законот во однос на независноста на работењето на Управниот и Надзорниот Одбор, Службеникот за усогласеност во рамките на своите овластувања утврдени во Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО и Правилникот за работењето, во текот на 2019 година континуирано ги следеше деловните активности на Надзорниот и Управниот Одбор на АД МЕПСО заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и подзаконски прописи.

Во текот на 2019 година одржани се 32 седници на Управниот Одбор и 14 седници на Надзорниот Одбор на АД МЕПСО. На сите седници Службеникот за усогласеност присуствуваше и даваше активен придонес во работењето во делот на своите надлежности. Може да се констатира дека сите тие седници се спроведени и водени во согласност со процедурите и дека не се забележани неправилности во работењето во однос на независноста во работењето и одлучувањето.

Во текот на 2019 година, извршени се перонални промени во составот на Управниот и Надзорниот Одбор. Извршена е проверка на спроведените постапки при што е утврдено дека истите се водени согласно законските нормативи и во нивната реализација не се забележани неправилности. Во контекст на членот 72 став 2 и 3 од Законот за енергетика, констатирано е дека новоизбраните членови на Управниот Одбор во целост ги исполнуваат условите за независност и неспоивост на вршењето на функцијата со други сродни функции. Притоа во предвид е земена следната документација:

- Со одлука на НО на АД МЕПСО НО бр.02-4190/3-1 од 26.07.2019 година Ева ШУКЛЕВА е избрана за претседател на Управниот одбор и Генерален Директор на АД МЕПСО.
- Со одлука на НО на АД МЕПСО НО бр.02-4190/1 од 26.07.2019 година Николче АЦЕСКИ е избран за Претседател на Надзорниот одбор на АД МЕПСО.
- Со одлука на НО на АД МЕПСО НО бр.02-4190/3-2 од 26.07.2019 година Љупчо ЗИКОВ е избран за член на Управниот одбор и Директор за финансиски работи во Дирекција на АД МЕПСО.
- Со одлука на НО на АД МЕПСО НО бр.02-4190/3-1 од 09.10.2019 година Кираца НАКОВА е избрана за член на Управниот одбор и Директор за правни и општи работи во Дирекција на АД МЕПСО.
- Со одлука на НО на АД МЕПСО НО бр.02-4190/3-1 од 09.10.2019 година Гоце ТАЛЕВСКИ е избран за член на Управниот одбор и Директор за информациски технологии и телекомуникации во Дирекција на АД МЕПСО.

Новоизбраните членови на Управниот Одбор во законскиот рок доставија потпишани и нотарски заверени изјави и тоа:

- Изјава дека не се членови на орган на управување, односно на орган на надзор, односно вработени во друштво кое што врши производство на електрична енергија

и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас или во друштво кое што има можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тоа друштво.

- Изјава дека во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не бараат ниту прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени со Законот за енергетика.

## 3.2 Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на електропреносниот систем од страна на АД МЕПСО Скопје

Во рамките на своите надлежности и законски обврски, АД МЕПСО е должен во своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика на начин што ќе обезбеди транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на електропреносниот систем, преку следните активности и процеси: Планирање и развој на електропреносната мрежа преку изградба на нови и надградба на постојани интерконективни водови, транспарентност во набавката на електрична енергија за покривање на сопствените загуби, набавка на системски услуги за балансирање и други активности и процеси.

Во насока на спроведување на обврските кои произлегуваат од Законот за енергетика и Програмата за усогласеност, за одбележување е дека што се однесува до евентуалните отворени прашања во однос на номинациите, од страна на Подружницата Оператор на Преносната мрежа добиени се информации дека во 2019 година не се забележани отворени прашања во однос на номинациите и не е регистрирано ниту едно одбивањето на физички трансакции на учесници на пазарот на електрична енергија.

Во 2019 година АД МЕПСО нема барања односно отворени предмети од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија.

Во насока на следење на реализацијата на сите процеси, Службеникот за усогласеност преку секојдневно следење на работењето на сите структури на компанијата, спроведе анализа на актите и документите кои беа носени од Управниот одбор, активно вклучувајќи се во нивното носење со свои сугестии и забелешки. Констатирано е дека при носењето на сите акти и документи почитувано е начелото на транспарентност и независност во нивното носење.

## 3.3 Одлуки и решенија предмет на опсервација и одобрување во текот на 2019 година:

Усвоен е Планот за развој на електропреносниот систем период 2019-2029, со архивски број 02-32 од 04.01.2019 година изработен од Служба за стратешко планирање, развојни анализи и приклучоци.

Разгледана и усвоена е Информацијата за постигната цена на електрична енергија за покривање на загуби во електропреносниот систем за 2019 година (за потребите на ИТЦ механизам), со архивски број 09-9553 од 24.12.2018 година од страна на Подружница ОЕПС.

Донесен е Ценовникот за услугите на трети лица на АД МЕПСО, од Подружница ОПМ со архивски број 10-5687 од 13.09.2018 година.

Согласно член 6 став 1 алинеја 2 од Статутот на АД МЕПСО: *“ Предмет на работење на Друштвото се следните дејности: ....71.20 Техничко испитување и анализи“*, Ценовникот на услуги на трети страни е донесен за да се регулира наплатата на завршени услуги од страна на Службите на АД МЕПСО за други фирми и физички лица кои имаат потреба од разни испитувања на нивната електрична опрема. Имено, во Одделот ТКОИ има Служби (Служба за испитување, Служба за изолациони материјали и др.) кои за потребите на АД МЕПСО во

период од над 30 години се опремиле и со најсовремена испитна опрема и со обучен и стручен кадар. Овие испитувања се задолжителни за правилно одржување на нашата опрема.

Од друга страна, голем дел од овие испитувања не се прават на ниедно друго место во нашата држава и затоа од време на време други фирми или физички лица имаат потреба од нив.

Ценовникот ги опфаќа најголемиот дел електрични, физички и хемиски испитувања кои треба периодично задолжително да се прават на електрична опрема во погон (во прилог).

За Службата за изолациони материјали цените на услугите се формирани со детална анализа на испитувањата (амортизација на опремата, употребени хемикалии, цена на час на операторот кој ги прави анализите – во прилог).

Цените за услугите на Службата за испитување се согласно вообичаените пазарни.

Усвоена е Политиката за заштита на животна средина, со архивски број 02-416 од 22.01.2019 година.

Донесен е Годишниот план за јавни набавки во 2019 на АД МЕПСО (ПЈН) прилагоден на Новиот Закон за јавни набавки, со архивски број 11-2398 од 18.04.2019 .

Утврден е максималниот приход и просечна тарифа за вршење на регулираната дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија за регулираниот период 2019 година и истата изнесува 0,008388 денари за киловат час електрична енергија, врз основа на најавените трансакции на пазарот на електрична енергија.

Утврден е максималниот приход и просечна тарифа за вршење на регулираната дејност пренос на електрична енергија за регулираниот период 2019 и 2020 година и истата изнесува 0,2153 денари за пренесен киловат час електрична енергија за 2019 година и 0,2498 денари за пренесен киловат час електрична енергија за 2020 година.

Усвоени се Извештаите од независните ревизори, Ревизорската куќа Грант Торнтон за финансиското работење на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, во деловната 2018 година, заведени под архивски број 05-3467 на 21.06.2019 година, и тоа :

- Посебни финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор на АД МЕПСО Скопје со состојба на ден 31.12.2018 година, и
- Консолидирани финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор на АД МЕПСО Скопје со состојба на ден 31.12.2018 година.

Усвоени се Правилата за балансирање, согласно член 79 , став 2 од Закон за енергетика доставени од Подружница ОЕПС со архивски број 09-3890 од 10.07.2019 година, а одобрени со Решение бр. 02-2468/1 од 28.06.2019 година од Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Разгледан е и усвоен Извештајот за работењето на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје за 2018 година, во кој е констатирано дека:

- АД МЕПСО во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година оствари вкупни приходи во висина од 6.147.788.903,00 денари или 99.972.175 ЕУР. Вкупните расходи во деловната 2018 година изнесуваат 5.699.987.145,00 денари или 92.690.254 ЕУР, што значи дека во Деловната 2018 година АД МЕПСО оствари позитивен финансиски резултат од 447.801.758,00 денари споредено со остварената добивка на износ од 777.896.954,00 денари во 2017 година.

- Добивката по оданочување, т.е. нето добивката за разпределба изнесува 394.417.552,00 денари.

По добиено претходно одобрување на Надзорниот одбор согласно Одлука НО бр. 02-5192/8-1 од 26.09.2019 година, Управниот одбор на Друштвото донесе Одлука за престанување на постоење на Подружницата - Оператор на Пазар на електрична енергија согласно член 26 став 6 од Закон за трговски друштва и нејзино бришење во Трговскиот регистар кој се води пред Централен регистар на Република Северна Македонија.

Управниот одбор на Друштвото донесе Одлука, правата и обврските кои ги има АД МЕПСО во државна сопственост Скопје по основ на:

- Договори за откуп на електрична енергија произведена од повластени и на електрична енергија од обновливи извори на енергија,
- Договори за балансна одговорност
- Договори за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија,

согласно одредбите од Законот за облигациони односи на РСМ, да ги превземе Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Управниот одбор ги разгледа и усвои:

- Правила за набавка на aFRR балансен капацитет и балансна енергија
- Правила за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија
- Договор за регистрација за давател на услуги
- Модел на Договор за набавка на aFRR балансен капацитет и балансна енергија
- Модел на Договор за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија
- Образец за доставување на динамички параметри за балансни единици
- Барање за регистрација на пазарот на балансна енергија

доставени од Подружница ОЕПС со архивски бр. 09-5525 од 14.10.2019 година.

Усвоени се Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети одобрени со Решение на Регулаторна комисија за енергетика бр 12-3270/2 од 31.10.2019 година, доставени од Подружница ОЕПС со архивски број 09-5902 од 01.11.2019 година.

Донесен е Ценовникот за услугите на трети лица на АД МЕПСО, проследен од подружницата ОПМ, со архивски бр.10-5955 од 04.11.2019 година.

Усвоен е Образецот на Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија којшто користат повластена тарифа одобрена од страна на РКЕ, доставени од МЕМО ДООЕЛ Скопје со допис заверен во архивата на АД МЕПСО под арх. бр.02-5885 на 31.10.2019 година (предходно одобрени од РКЕ со Решение бр.12-111/5 од 18.10.2019 година).

Донесени се Правила за алокација на прекугранични преносни капацитети на граница Македонија-Бугарија (МЕПСО-ЕСО) за 2020 година и на граница Македонија-Србија (МЕПСО-ЕМС) за 2020 година, доставени од Подружницата ОЕПС, со архивски бр.09-6084 од 06.11.2019 година.

Управниот одбор на АД МЕПСО ги разгледа и усвои Долгорочните прогнози за потребите на електрична енергија – 2019 како и Планот за развој на електропреносниот систем за период 2019 – 2029, доставени со архивски број 02-5894 од 31.10.2019 година.

Усвоени се Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносна мрежа доставени со архивски број 09-6629 од 20.11.2019 година.

Усвоени се Правилата за купување и продавање на електрична енергија за компензација на несаканите одстапување на контролната област управувана од страна на АД МЕПСО доставени со архивски број 09-6658 од 20.11.2019 година.

Управниот одбор на АД МЕПСО-Скопје ги разгледа и ги донесе измените и дополнувањата на Правилата за балансирање на ЕЕС доставени со архивски бр.09-6691 од 21.11.2019 година, а одобрени со Решение на Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги бр. 12-2624/4 од 20.11.2019 година.

Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и го усвои Финансиски план на АД МЕПСО за 2020 година, доставен од Сектор за финансиски работи со архивски број 05-6777 од 25.11.2019 година.

Усвоени се Општите услови за пристап и користење на електропреносна мрежа со прилог Модел на Договор за пристап и користење на преносната мрежа и надоместокот за користење на електропреносниот систем, доставени со архивски број 09-7089 од 05.12.2019 година од подружница ОЕПС.

Во насока на спроведување на општите услови, а согласно член 78 став 2 алинеја 6 од Законот за енергетика, Операторот на електропреносниот систем е должен во согласност со законот и прописите и правилата донесени согласно овој закон да ги приклучи на електропреносната мрежа производителите, потрошувачите и операторот на електродистрибутивниот систем. Согласно оваа обврска, во 2019 година се процесирани 5 нови барања за приклучување на преносната мрежа и тоа:

1. Приклучок на рудник Плавица – Кратово
2. Приклучок на втор ТР во ТС Овче Поле
3. Приклучок на ФЕЦ Осломеј 2 и ФЕЦ Осломеј 3 (4 и 5)
4. Приклучок на ФЕЦ Битола 1 и ФЕЦ Битола 2
5. Приклучок на ВЕЦ Копришница и ВЕЦ Петрово

Истовремено, во текот на 2019 година постапувано е по тековните барања за приклучок и тоа:

1. Приклучок на леарницата КРАНФИЛД ФАУНДРИ
2. Приклучок на ВЕЦ Богословец
3. Приклучокот на индустриска постројка ИГМ
4. Приклучокот на ВЕЦ Демир Капија
5. Приклучок на ВЕЦ Миравци
6. Приклучок на ВЕЦ Крушево и СЕЦ Крушево

Во 2019 година комплетно е завршена и постапката за приклучување на втор ТР во ТС Битола 4.

Согласно член 78 став 2, точка 12 од Законот за енергетика Годишниот план за исклучување за 2020 година на Друштвото е доставен до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ на разгледување и претходно одобрување.

Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје го разгледа и го усвои Финансиски план на АД МЕПСО за 2020 година, доставен од Сектор за финансиски работи со архивски број 05-7139 од 10.12.2019 година.

Управниот одбор ги усвои Податоците за расположливи сопствени извори на финансиски средства за План на останати потреби на набавки за 2020 година со архивски број 05-7475 од 13.12.2019 година.

Управниот одбор ги разгледа и усвои  Податоците за расположливи сопствени извори на финансиски средства за Инвестициони активности за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година, со архивски број 05-7476 од 13.12.019 година.

Управниот одбор ја разгледа и усвои  Годишната инвестициона програма во 2020 година на АД МЕПСО (ГИП), доставен со архивски број 02-7514 од 13.12.2019 година, како и Инвестиционата програма за период 2021-2024 година на АД МЕПСО, доставен со архивски број 02-7515 од 13.12.2019 година, како и Годишниот план за останати потреби на набавки во 2020 година на АД МЕПСО, доставен со архивски број 02-7516 од 13.12.2019 година.

Управниот одбор го разгледа и усвои  Планот за останати потреби на набавки во 2021-2022 година на АД МЕПСО, доставен со архивски број 02-7517 од 13.12.2019 година, како и Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на АД МЕПСО (ПЈН), доставен со архивски број 02-7513 од 13.12.2019 година.

Управниот одбор го разгледа и одобри текстот на  Договорот за балансна одговорност, доставен со Допис со архивски број 09-7521 од 13.12.2019 година од Подружница ОЕПС.

Усвоени се Правилата за купување и продавање на електрична енергија за компензација на несаканите одстапување на контролната област управувана од страна на АД МЕПСО доставени со архивски број 09-7518 од 13.12.2019 година.

Во текот на 2019 година, на барање на организациските структури на компанијата, поднесени се 35 барања за измена и дополнување на Годишната инвестициона програма во 2019 година, Годишниот план за останати потреби на набавки во 2019 година и Годишниот план за јавни набавки во 2019 година на АД МЕПСО. По детална анализа на барањата констатирано е дека истите ги задоволуваат нормираните критериуми и дека во целост се вклопуваат во работењето на компанијата и истите се одобрени од Управниот одбор.

Кон крајот на 2019 година, заради зголемен обем на работење и зголемување на потребата од квалификувана работна сила како и заради намалување на бројот на вработените заради заминување во пензија, АД МЕПСО спроведе активност за вработување на кадри потребни за пополнување на испразнетите работни места по разни основи, согласно актот за Систематизација на работните места на АД МЕПСО. Спроведени се две постапки за вработување, согласно Јавниот оглас број 02-5964 од 04.11.2019 година, објавен во дневните весници “Нова Македонија“ и “Коха“ на ден 05.11.2019 година како и Јавниот оглас број 02-7144 од 10.12.2019 година, објавен во дневните весници “Нова Македонија“ и “Коха“ на ден  11.12.2019 година.

Службеникот за усогласеност активно ја следеше целата постапка преку редовно информирање за целиот процес за селекција, организација на интервјуа и процес на генерирање на извештаи од страна на комисиите назначени од Генералниот Директор. Во сите постапки констатирано е дека истите се спроведени на отворен, транспарентен, недискриминирачки начин и дека постапката за избор е спроведена согласно позитивната законска регулатива, Законот за работни односи, Статутот на АД МЕПСО и Колективниот договор. Во целата постапка констатирано е дека од страна на апликантите не е поднесен ниту еден приговор по завршување на постапките.

Во рамките на следењето на работата на Надзорниот одбор на АД МЕПСО, Службеникот за усогласеност редовно учествуваше во неговата работа со давање на потребните информации на барање на членовите на НО, како и со свое учество во носењето на

одлуките преку свои забелешки и сугестии. Во таа насока е и разгледувањето на Информација за Проект: Македонија-Албанија Фаза 1 од фининсиран со Заем од ЕБОР бр. 46274, доставена со архивски број 13-2775 од 14.05.2019 година од службеникот за усогласеност.

Истотака, по добиени наводи од ДКСК во врска со реализирани вработувања во АД МЕПСО Скопје, од страна на Службеникот за усогласеност редовно се известувани членовите на НО за предметот, преку одлука на НО со која се задолжуваат членовите на Комисијата формирана со Решение на Генерален директор бр. 02-8430 од 08.11.2018 година и бр. 02-8430/1 од 09.11.2018 година, во рок не подолг од 30 дена, да се произнесат секој поединечно како е извршена селекцијата на 5-те доставени предлози на кандидати до Генерален директор на Друштвото, во врска со работно место "самостоен референт за правни работи", согласно Јавен оглас бр. 02-7132 од 22.10.2018 година.

Согласно член 74 став 9 од Законот за енергетика и член 35-г став 6 од Статутот на АД МЕПСО, Службеникот за усогласеност, со допис бр. 13-7552 од 16.12.2019 година до РКЕВУ ги достави Годишната инвестициона програма во 2020 година на АД МЕПСО и Годишниот план за останати потреби на набавки во 2020 година на АД МЕПСО документи, усвоени од страна на Управниот Одбор и доставени на одобрување до Надзорниот Одбор на АД МЕПСО – Скопје.

## 3.4 Начин на следење на Програмата за усогласеност

Сите структури во АД МЕПСО во 2019 година се стремеа кон исполнување на обврската за обезбедување на технички и други услови за примена на Програмата за усогласеност и за запознавање на вработените со одредбите од Програмата.

Сите вработени во АД МЕПСО, на чело со раководството, во текот на 2019 година во своето работење покажаа посветеност кон почитувањето на правилата на однесување предвидени со Програмата за усогласеност. Ставањето на располагање на бараните податоци на Службеникот за усогласеност се одвиваше без проблеми. На секое барање за достава на податоци и информации се одговараше во назначениот рок, при што податоците се доставувани по електронски пат или непосредно со предавање на потребната документација.

## 3.5 Планирани активности за 2020 година

### 3.5.1 Едукација и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност

Во рамките на обврската за едукација на вработените од страна на Службеникот за усогласеност, во текот на 2019 година започнати се активностите за нејзино спроведување. Сите вработени се запознаени со донесената Програма за усогласеност и обврските кои од неа произлегуваат преку официјалната интернат страна на компанијата, како и преку огласните табли во објектите.

Имајќи предвид дека кон крајот на 2019 година, заради проширениот обем на работа и намалувањето на бројот на вработени по основ на исполнување на условите за пензионирање, извршени се кадровски засилувања, со што значително е сменета структурата на вработените во компанијата, Програмата за едукација која Службеникот за усогласеност ја подготвува во соработка со Одделот за човечки ресурси планирано е да почне да се реализира од месец Март 2020 година и во континуитет да се спроведува во текот на целата година.

Целта на оваа програма е да ги запознае вработените со начините за примена на позитивните законски прописи, запознавање со политиките на компанијата, споделување на искуства во областа на транспарентноста, независноста, управувањето со ризици, интегритетот и професионалната етика, како и организирање на работилници за тимска работа и за реализација на Програмата за усогласеност.

### 3.5.2 Формална обврска за спроведување на Програмата за усогласеност

Во соработка со Одделот за човечки ресурси, планирано е да се изврши дополнување на формалните документи за склучување на Договор за работа или друг сличен договор за ангажирање на лица од страна на АД МЕПСО, во кој ќе се внесат одредби дека секое ангажирано лице е должно да потпише Изјава дека е запознаено со одредбите од Програмата за усогласеност и правните последици кои се однесуваат на непочитувањето на Програмата.

### 3.5.3 Комуникациски канали

Планирано е воведување на комуникациски канал помеѓу Службеникот за усогласеност и вработените во АД МЕПСО од една и корисниците на услугите од друга страна. Целта на оваа комуникација е да овозможи Службеникот за усогласеност да добива информации за настани поврзани со неетички и илегални активности (како конфликт на интерси, истекување на комерцијално осетливи информации, нееднаков третман на корисниците, неусогласеност со Програмата и слично) а во исто време заштита на интегритетот и идентитетот на личноста која ја доставува информацијата. За таа цел ќе се искористат постојните начини на комуникација:

- Електронски формулар на компаниската интернет страна www.mepso.com.mk прилагоден на прашањата за усогласеност,
- Во писмена форма
- Преку e-mail.

Во насока на спроведување на комуникацијата помеѓу засегнатите страни, на компаниската интернет страна ќе биде поставен посебен линк за Програмата за усогласеност, каде ќе може да се пристапи до сета потребна докуметација поврзана со спроведувањето на Програмата за усогласеност. Освен информативниот карактер, на линкот ќе има можност да се пристапи до формулар на кој секој заинтересиран ќе може да достави информации кои го засегаат спроведувањето на Програмата, да прикачи скениран документ или фотографија, и сето тоа по негов избор анонимно.

# 4 Заклучоци за Извештајот за 2019 година

Донесувањето на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО и нејзиното одобрување од страна на РКЕВУ, како и воведувањето на функцијата Офицер за усогласеност претставува новина во работењето на АД МЕПСО и како такви за прв пат се применуваат во 2019 година. Од тој аспект, сметам дека доследното применување на одредбите од Програмата претставуваат знак дека АД МЕПСО се стреми кон недискриминаторски и транспарентен начин на работа. Имајќи предвид дека ова се почетоци во функционирањето на оваа организациска форма може да кажам дека генерално сум задоволен од динамиката на имплементација на обврските кои произлегуваат од Програмата. Сите воочени забелешки се соодветно нотирани и ќе претставуваат солидна основа за корекции и унапредување на работата и функционирањето на Офицерот за усогласеност.

## 4.1 Спроведување на мерките со кои се спречува дискриминација и нетранспарентност

Раководните структури на АД МЕПСО со своето однесување и работење докажуваат дека се посветени на спроведување на сите мерки кои спречуваат дискриминаторско и нетранспарентно однесување, пропишани со Програмата за усогласеност. Се реагира на сите забелешки од корисниците согласно пропишаните процедури. Сите информации битни за корисниците на електропреносниот систем редовно и навремено се објавуваат на интернет страната на компанијата. Со превземаат мерки за подобрување на организацијата со што се подобрува координацијата на активностите и се подига нивото на квалитетот на услугите кои се даваат на корисниците.

## 4.2 Почитување на правилата за однесување од страна на вработените

Може да се констатира дека одредбите од Програмата за усогласеност се спроведуваат од страна на вработените во АД МЕПСО при вршењето на редовните активности. Обврската за транспарентност во работењето, како и обврската за чување на комерцијално доверливи податоци се спроведуваат и не се забележани прекршувања на тие обврски.

## 4.3 Начин на следење на Програмата и известување

Операторот на електропреносниот систем на организиран и законски утврден начин го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност. Со актот за систематизација дефинирана е функцијата на Службеникот за усогласеност. Неговите надлежности се специфицирани во Правилникот за работењето, овластувањата , правата и обврските на Службеникот за усогласеност, како и во Договорот за обезбедување на услуги од Службеникот за усогласеност. Номинираниот Службеник за усогласеност во рамките на своите овластувања и обврски редовно го следи работењето на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото активно учествувајќи во носењето на сите поважни одлуки со свои забелешки и сугестии, при што соработката со структурите на Друштвото ги оценува на задоволително ниво. Сите забележани пропусти и недостатоци во спроведувањето на обврските пропишани во Програмата за усогласеност и останатата законска и подзаконска регулатива се нотирани и ќе претставуваат основа за подобрувањето на функционалноста и поефикасно спроведување на зададените обврски.

Во Скопје
12.03.2020 година

**М-р Александар Чеботарев**
Службеник за усогласеност